Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми (“Службен весник на Република Македонија”, бр.79/2023)

Ред.број:58

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	АГРОПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ			
2.	Код	ФЗНХ 233			
3.	Студиска програма	Дигитално земјоделство			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврта година	семестар	VIII семестар
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ристе Еленов			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Претходни општи предзнаења од областа на економиката на земјоделството			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели**: Предметната програма има за цел да ги воведе студентите во концептот на претприемништво во земјоделството. Посебно внимание ќе биде дадено на разбирање на претприемничкото опкружување, како и некои од бариерите и предизвиците со кои се соочуваат земјоделските производители во процесот да станат претприемачи. Исто така, студентите ќе се запознаат и со начините на кои може да се развијат дополнителни вештини, и тоа менаџерските вештини, од една			

		страна, односно како да започнат и да водат профитабилен бизнис во земјоделството, како и претприемачките вештини, од друга страна. Во таа насока, студентите ќе разберат и дека иновациите играат клучна улога во агропретприемништвото. Според тоа, студентите ќе се стекнат со знаење за агропретприемништвото и иновациите, претприемничките и иновативни модели, стратегии и анализи, ќе ја сфатат улогата и значењето на претприемништво во контекст на земјоделско-прехранбениот комплекс и растечката улога на иновациите. **Резултати**: Студентите ќе се здобијат со основни вештини за развивање на претприемнички и иновативен пристап, со што понатаму ќе можат самостојно да развиваат специфични идеи за претприемнички и иновативен бизнис. Исто така, студентите ќе се здобијат со познавања како да ги разликуваат традиционалниот од претприемачкиот агробизнис, насочени кон промена, претприемачки квалитети и градење на претприемачки капацитети. Студентите ќе се здобијат и со познавања на стратегиите за раст на бизнисот, со фокус на стратегии за зголемување на кредибилитетот на семејните, односно малите земјоделски стопанства, како и со начините за промовирање на новите технологии и иновации. .
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Вовед и дефиниција за претприемништво. Разбирање на претприемништвото во земјоделството. Резултати – Студентите ќе се запознаат со поимот за претприемништво, концептот и принципите на претприемништво, како и ќе го разберат концептот на претприемништво во земјоделскиот сектор. 2. Карактеристики на претприемачот и претприемништвото. Индивидуално и групно претприемништво. Резултати – Студентите ќе стекнат знаење за карактеристиките на претприемништвото, и ќе можат да прават споредба помеѓу традиционалниот и претприемничкиот агробизнис. Исто така, студентите ќе се здобијат со знаење за претприемничко насочување кон промена, претприемачки квалитети, градење претприемнички вештини, и поддршка за развој на претприемачкиот капацитет. 3. Стратегии во агропретприемништвото – I. Резултати – Студентите ќе се здобијат со знаења за стратегиите во агропретприемништвото, со фокус на стратегиите за раст, стратегии за отстранување на ризикот и одредување на проблемите при започнување на претприемнички бизнис, стратегиите за зголемување на кредибилитетот на малите/семејните фирми, како и одредување на можностите за отпочнување бизнис со ограничен капитал. 4. Методи за генерирање идеи за нов производ/услуга. Резултати – Студентите ќе се здобијат со знаења за методите за генерирање идеи за нови производи и услуги, и истите ќе се изучуваат преку директно практицирање на методите. 5. SWOT анализа за воведување на нов производ/услуга. Анализа на ефектите од воведувањето новиот производ/услуга. Резултати – Студентите ќе обезбедат знаења за анализа на силните и слабите страни, можности и заканите на новиот производ/услуга, како и кои се ефектите од воведување на нови производи/услуги. 6. Анализа на предностите и слабостите при купување фирма. Анализа на мотивите за продажба на фирма. Резултати – Студентите ќе обезбедат знаења за мотивите за купување или продавање на земјоделско стопанство, како и кои се предностите и слабостите од купувањето или продавањето на земјоделско стопанство. 7. Одредување на потенцијални кандидати за советодавен одбор. Мониторинг на претприемничката дејност. Резултати – Студентите ќе се стекнат со знаења за мониторинг на претприемничката дејност и улогата на советодавниот одбор во процесот на мониторинг. 8. Стратегии во агропретприемништвото – II Резултати – Студентите ќе стекнат знаења за стратегиите за опстанок на агробизнисот и за актуелизација на претприемачките стратегии. 9. Примена на нови технологии и иновации во агропретприемништвото. Резултати – Студентите ќе се здобијат со основни знаења за улогата на новите технологии и иновациите во агробизнисот, односно како нивната примена влијае на поекономично земјоделско производство и поефикасно искористување на расположливите ресурси. 10. Концепт и модел за развој на науката и технологијата, кон претприемнишптво и иновации. Резултати – Студентите ќе стекнат знаења за анализа на иновативните активности

		во науката и технологијата, главните актери и нивните улоги во науката и технологијата, како и за механизмите на интеракција и иновација во науката и технологијата. 11. Импликации кон системот на знаење и трансфер на технологијата и иновациите во земјоделството. Резултати – Студентите ќе се здобијат со основни познавања за позначајните ефекти од примената на системот на знаења и трансфер на технологии и иновации во земјоделството, преку земјоделско образование, наука и истражување, советодавни услуги. 12. Принципи и примена на паметната специјализација. Резултати – Студентите ќе се здобијат со основни познавања за улогата на паметната специјализација како и иновациите како дел од паметната специјализација во агробизнис секторот. 13. Најмалку едно предавање ќе се реализира преку теренска настава на студентите со посета на земјоделско претпријатие и опфат на претприемништвото и иновациите, односно со учество на гости-предавачи на часовите.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Предметот Агропретприемништво и иновации има значајна поврзаност со предметите кои ги изучуваат основните принципи на менаџмент на фармата како и иновацискиот менаџмент.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставата ќе се реализира со теоретски предавања, поддржани со Power Point и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка на групни и индивидуални домашни и проектни задачи. Практичната работа ќе се реализира со вежби поврзани со методските единици. Во рамки на предметот, ќе се посвети внимание на обработка на податоци и презентирање на резултати, самостојно и поединечно решавање на конкретни проблеми кои се актуелни од областа на претприемништвото и иновациите.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	20
		17.3.	Домашно учење - задачи	65
18	Услови за потпис	Присуство на предавања и вежби и остварени		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		60
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		10
	19.3.	Завршен испит: бодови		30
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна анкета на студентите.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Кац, Ц.А., Грин, Р.П.	Претприемачки мал бизнис	АРС Ламина (превод од Влада на РСМ)	2012
2.	Kahan, D.	Entrepreneurship in farming	FAO, Rome	2012
3.	Пешевски, М.	Агропретприемништво	ЗАЕМ, Скопје	2004
4.	Goffin, K., Mitchell, R.	Innovation Management: Effective strategy and implementation	Bloomsbury Academic	2016

		5.	Мариоти, С., Глакин, К.	Претприемништво и управување со мали бизниси	АРС Ламина (превод од Влада на РСМ)	2012
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	OECD	Agricultural Innovation Systems, A Framework for Analysing the Role of the Government	OECD	2013
		2.	FAO	Assessing agricultural innovation systems for action at country level - A preliminary framework	FAO, Rome	2022
		3.	Yang, P., Jiao, X., Feng, D., Ramasamy, S., Zhang, H., Mroczek, Z., Zhang, W.	An Innovation in Agricultural Science and Technology Extension System – Case study on science and technology backyard	FAO, Rome	2020